Архивски број: 08-306/1
11-03-2024 година

Постапувајќи по претставката бр. 08-849/1 од 14.12.2023 година, поднесена од Здружение за сексуални и родови малцинства „Квир Центар“ против Храм Света Лидија Македонска – Свети Николе за сторена дискриминација во областа на јавно информирање и медиуми, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (во натамошниот текст: Комисијата) врз основа на член 27 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 258/2020), на 07.03.2024 година го донесе следното:

## МИСЛЕЊЕ

СЕ УТВРДУВА ПОТТИКНУВАЊЕ НА ДИСКРИМИНАЦИЈА врз основ на припадност на маргинализирана група, родов идентитет и сексуална ориентација сторено од страна на Храм Света Лидија Македонска – Свети Николе врз припадници на ЛГБТИ+ заедницата во областа на јавно информирање и медиуми.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

До Комисијата за спречување и заштита од дискриминација на ден 14.12.2024 година е доставена претставка бр. 08-849/1 од страна на Здружението за сексуални и родови малцинства „Квир Центар“ со седиште на бул. Никола Тесла бр. 2/1-10, Скопје. Во претставката подносителот тврди дека е сторена дискриминација по основ на припадност на маргинализирана група, сексуална ориентација и родов идентитет во друга област, односно на социјалната мрежа „FACEBOOK“ врз припадници на ЛГБТИ заедницата од страна на Храм Света Лидија Македонска – Свети Николе со адреса на Градски парк, СЕПТЕМВРИСКА, Свети Николе.

Имено, подносителот навел дека Храм Света Лидија Македонска – Свети Николе од својата страна на социјалната мрежа „FACEBOOK“ на 11.12.2023 година во јавноста, ширеле вознемирувачки пишан материјал кој промовира омраза, во информирањето, односно, бил предмет на омраза кон ЛГБТИ+ заедницата.

Објавената содржина гласела:

„СООПШТЕНИЕ
Почитувани, времето во кое живееме бара од Црквата изнаоѓање на начини и модели за што поуспешно и поорганизирано делување, како внатрешно меѓу верниците, така и надворешно кон оние наши браќа и сестри кои се уште не го пронашле Бога и се надвор

од Црквата. Со таа цел, свештеното братство при Храм "Св. Николај" и Храм "Св. Лидија Македонска", со благослов на Негово Високопреосвештенство Митрополит ι, формира "ПРАВОСЛАВЕН МИСИОНЕРСКИ ЦЕНТАР" во Свети Николе, кој ќе го носи името"Св. Николај Чудотворец", чии активности би биле пред се од мисионерски и добротворен карактер. Во таа насока како цели на Центарот би ги посочиле:

- Континуирано организирање на добротворни акции за помош на социјално најзагрозените семејства, со консултација на Центарот за социјални грижи-Свети Николе;
- Активности со кои би се барале финансиски средства и услови за подготвување на оброци за сиромашни;
- Организирање на трибини, дебати и предавања на теми од интерес на Црквта. Во тој контекст, Центарот би превзел активности во борба против наметнатите и деструктивни идеологии, како ЛГБТ и Трансродовата идеологија, кои се во целост спротивни на православните вредности и учењето на Црквата за човекот, за бракот и семејството;
- Организирање на редовни часови по веронаука за деца и возрасни;
- Организирање и стимулирање на верниците за посета и помош на стари и изнемоштени лица, на болни лица по болниците, и посети на затворениците.
- Искористување на медиумскиот простор за сведочење на верата преку социјалните мрежи, телевизијата и радиото каде би можело да се договори и продуцирање на православна емисија за основите на православната вера и учењето на Црквата;
- Иницирање на соработка со органите на локалната власт на заеднички проекти за промовирање на православната вера и култура.

Како прв проект, а следејќи ги современите искушенија (депресија, аксиозност, зависности итн.), со благослов на Негово Восокопреосвештенство Митрополит ., организираме ТРИБИНА на Тема "ЗАВИСНОСТ - КРИЗА НА СОВРЕМЕНИОТ ЧОВЕК". Свое излагање на Трибината ќе има -
СПЕЦИЈАЛИСТ ПСИХИЈАТАР, '
ТРИБИНАТА ќе се одржи на 15.12.2023 год. (Петок), од 18 часот, а локацијата накнадно ќе биде соопштена.".

Во претставката како докази се наведени интернет врски од таквата објава на социјалната мрежа „FACEBOOK":
https://www.facebook.com/svetalidija.makedonska/posts/pfbid0tbxNyQe6y5TGYkYbjA7QYhtUqeX2hLgobBrWQvAkWMHP9ZcyMQ3RSN2M5KGfPcw2l .

Оттука, подносителот на претставката ја истакнува агресијата во текстот во делот „Центарот би превзел активности во борба против наметнатите и деструктивни идеологии, како ЛГБТ и Трансродовата идеологија .. ". Според подносителот, значењето на зборот „борбата", посебно овозможува да се предизвикаат и расплamtat негативни емоции во зависност од мотивот на агресивност кој е во голема штета на соговорникот кој припаѓа на ЛГБТИ заедницата. Подносителот потенцира дека изразот „борбата" во

контекст на објавениот текст има агресивно значење, односно цели кон оформување на одредено натпреварување со останатите и постигнување на одреден успех, бидејќи самиот текст потенцира на постоење на две групи на лица и причинување на штета од страна на едната група. Следствено, се потенцира дека таквиот наратив води кон говор на омраза и обележување на одредена група на лица како цел на агресија. Дополнително, подносителот се повикува на определени случаи, настани кои се одвивале во Грузија и во Турција, а каде во првата изјави на одредени свештени лица довеле до насилни судири со ЛГБТ активисти во пресрет на одржување на парада на гордоста, додека во втората религиски настани се користеле како оправдани причини за забрана на одржување на парада на гордоста. Во претставката подносителот упатува на Препораката CM/Rec (2010)5 на Комитетот на министри на Советот на Европа до земјите- членки во врска со мерките за борба против дискриминацијата врз основа на сексуална ориентација и родов идентитет. Во точката Б. од препораката, посветена на говорот на омраза се вели: „Државите членки е неопходно да преземат мерки за борба против сите видови на изразување во медиумите и на интернет за кои може да се добие впечаток дека го предизвикуваат ефектот на поттикнување, ширење и промовирање на омраза и други видови на дискриминација против лезбејки, геј, бисексуалци и трансродови лица“.
На крајот подносителот истакнува дека „користењето на (НЕ) - промислени зборови/статуси/соопштенија од страна на авторитети како „клереци“ дополнително ги разгорува тензиите и го позиционира православието/христијанството и ЛГБТИ лицата како спротивставени идентитети, игнорирајќи го фактот дека постојат и ЛГБТИ лица со православна вероисповед.“.

Комисијата со Барање за изјаснување бр. 08-849/2 достави копија од истата до потенцијалниот дискриминатор на 26.12.2023 година, но истиот не се изјасни во предвидениот рок.

Согласно член 9 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, повикување, поттикнување и инструкција за дискриминација е секоја активност со која посредно или непосредно се повикува, охрабрува, дава упатства или поттикнува да се изврши дискриминација врз дискриминаторска основа.

Комисијата ценејќи ги наводите во претставката и анализирајќи ја објавата на текстот од личен профил на социјалната мрежа „FACEBOOK“ утврди дека е сторено поттикнување на дискриминација врз основ на припадност на маргинализирана група, родов идентитет и сексуална ориентација врз припадници на ЛГБТИ+ заедницата од страна на Храм Света Лидија Македонска – Свети Николе.

Имено, Комисијата анализирајќи ја содржината на текстот од објавата, утврди дека текстот иако се однесува на одредено соопштение за јавноста во врска со планирани и идни активности за формирање на „ПРАВОСЛАВЕН МИСИОНЕРСКИ ЦЕНТАР“, во делот каде се наведуваат активностите и каде е објавено „Организирање на трибини, дебати и предавања на теми од интерес на Црквта. Во тој контекст,

Центарот би превзел активности во борба против наметнатите и деструктивни идеологии, како ЛГБТ и Трансродовата идеологија, кои се во целост спротивни на православните вредности и учењето на Црквата за човекот, за бракот и семејството;", поттикнува на дискриминација спрема припадници на ЛГБТИ+ заедницата.

Комисијата во предвид ја има целосната содржина на објавата и нејзиниот контекст, но смета дека користењето на наратив од овој вид, достапен на значително голем дел од јавноста, создава чувство на омраза и доведува до создавање на непријателска средина, пристап или практика кон определена група на лица. Следствено, во таа смисла на посреден начин поттикнува дискриминација кон група на лица врз основа на нивна припадност на маргинализирана група, родов идентитет и сексуална ориентација.

Комплементарно на горенаведеното, а во врска со слобода на уверувањето, совеста, мислата и јавното изразување на мислата, Комисијата истакнува дека со човековите права и слободи, исто така, доаѓаат и одредени обврски, меѓу кои и таква која се состои во тоа колку е можно повеќе да се избегнуваат изјави и тврдења кои се неоправдано и неосновано навредувачки за другите, причинувајќи напад врз нивните права и слободи. Следствено на тоа, попречувањето на слободата на говорот на одредени лица од страна на властите, може да се смета за разумно доколку тоа е неопходно во едно демократско општество заради заштита на угледот и правата на другите.

Комисијата го цени, со Уставот на РСМ и меѓународните акти, загарантираното право, односно слободата на уверувањето, совеста, мислата и јавното изразување на мислата, како и слободата на говор, но исто така во предвид ја има и меѓународната судска пракса, пред се праксата на Европскиот суд за човекови права која се однесува на практикувањето на овие слободи и нивното ограничување. При оправдувањето на мерките кои во одредена мера ги санкционираат, односно ограничуваат горенаведените слободи, во предвид се земаат следните елементи: можноста правото да биде условено или санкционирано да е јасно утврдена и предвидена во правен пропис, истото да има легитимна цел и изречената мерка да ја оправдува целта, односно да го ограничи правото во онаа мера доволна за отстранување на повредата и предизвиканите штетни последици.

Следствено, токму во членот 10 од Европската конвенција за заштита на човековите права, кој се однесува на слободата на изразување, во ставот 2 е утврдено дека остварувањето на таквата слобода вклучува обврски и одговорности и може да биде предмет на одредени услови, ограничувања и санкции кои во едно демократско општество претставуваат неопходни мерки, меѓу другото, за заштита на угледот или правата на другите.

Согласно горенаведеното, со спорната содржина несомнено се поттикнува на дискриминација во смисла на член 9 од Законот за спречување и заштита од дискриминација. Поттикнувањето е определено како противправно дејство – прекршок за што е предвидена и соодветна санкција, додека Комисијата согласно член 27 став 2 од Законот дава препорака како мерка за отстранување на истото.

Како легитимна цел за ваквата препорака, односно мерка е отстранување на повредата, односно отстранување и спречување на дискриминација врз оваа група на лица, со што се исполнуваат елементите така објавениот текст да не е во линија со загарантираните горенаведени слободи, туку напротив истиот да биде ограничен и санкциониран согласно праксата на Европскиот суд за човекови права и во смисла на член 10 став 2 од Европската конвенција за заштита на човековите права (Pavel Ivanov v. Russia 35222/04, Vejdeland and others v. Sweden 1813/07, Beizaras and Levickas v. Lithuania 41288/15 итн.). Дотолку што така објавениот текст е во спротивност со основните вредности кои произлегуваат од човековите права и слободи, а тоа се недискриминацијата, толеранцијата и социјалниот мир.

Врз основа на наведеното, Комисијата во согласност со член 27 став 2 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, ја дава следната

ПРЕПОРАКА

1. СЕ ПРЕПОРАЧУВА на Храм Света Лидија Македонска – Свети Николе, со адреса на Градски парк, СЕПТЕМВРИСКА, Свети Николе, веднаш по добивањето на мислењето со препораката да го отстрани објавениот текст на својата страна на социјалната мрежа „FACEBOOK“ во делот кој се однесува на ЛГБТИ+ лицата и за истото да ја извести Комисијата во рок од 30 дена од денот на добивање на мислењето.

2. СЕ ПРЕПОРАЧУВА на Храм Света Лидија Македонска – Свети Николе во иднина да се воздржи од вакви објави во било кој медиум и во било кој формат, односно објавите колку е можно повнимателно да ги формулира, со цел истите да не претставуваат дискриминација во било која нејзина форма.

Претседател на Комисија за
спречување и заштита од
дискриминација,
Игор Јадровски

*Доставено до:*

1. *Храм Света Лидија Македонска – Свети Николе, со адреса на Градски парк, СЕПТЕМВРИСКА, Свети Николе*
2. *Здружението „Квир Центар“, ул. Никола Тесла бр. 2/1-10, Скопје*
3. *Архива на Комисијата*